Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15 и 39/16), **Министерството за транспорт и врски,** на ден 31.08.2017 **година**, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За стратешкиот плански документ **Национална Транспортна Стратегија 2017-2030,** кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Национална Транспортна Стратегија 2017-2030** се определуваат: Министерство за транспорт и врски, Министерство за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за здравство, Министерство за локална самоуправа Секретаријат за европски прашања, "Македонски железници" – Транспорт АД, ЈП "Македонски железници" – Инфраструктура, Јавно препријатие за државни патишта, ЈП "Македонија пат", Агенција за цивилно воздухопловство, Акционерско друштво за давање услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ), Републички совет за безбедност на сообраќај на патиштата, Агенција за регулирање на железничкиот сектор, Управа за сигурност во железничкиот систем, Царинска Управа на Република Македонија, Државен завод за статистика. Дополнително засегнати страни ќе бидат професионалните асоцијации, стопанските заедници, граѓанските здруженија и невладиниот сектор.
3. За стратешкиот плански документ **Национална Транспортна Стратегија 2017-2030,** за чија изработка е одговорна меѓународната консултантска компанија **ARS Progetti S.p.A. и партнери во Конзорциумот во рамките на Проект финансиран преку Инструментот за претпристапна помош (IPA) регулиран со Одлука на Советот на Европа бр. IPA OPRD2007-2013-4.2-LOT2-22,** а ја донесува **Министерството за транспорт и врски на РМ**, донесувањето на стратешкиот плански документ **Национална Транспортна Стратегија 2017-2030** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **целите на заштита на животната средина веќе дефинирани во усвоени стратешки плански документи, усогласеност на целите со целите на Националната Транспортна Стратегија, сегашната состојба со емисии од транспортниот сектор и нарушување на квалитетот на воздухот, состојбата со бучава, статусот на биодиверзитетот со особен осврт на заштитените подрачја, климатските промени, здравјето на населението, состојбата со земјиште во однос на нејзиниот квалитет, искористеност и тип, квалитетот на водите – површинските и подземните води, развиеноста на патната, железничка и воздухопловна инфраструктура, културно и историско наследство и ефектите и влијанијата на целите на Стратегијата врз сегашната состојба на медиумите и секторите.**
   **Сите овие аспекти ќе бидат анализирани на национално ниво, со цел да се дефинираат цели на СОЖС и индикатори, како и да се предложат мерки за постигнување на целите.**
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт и врски** на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.43-8231/1 од 31.08.2017 година
Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**Министер,**
**Горан Сугарески**